АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД

ГОДИШНО СОБРАНИЕ

НА АКЦИОНЕРИТЕ НА АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД

18.02.2025 година (вторник)

февруари 2025, Охрид

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-17/5 2
17.01.2025 год.
ОХРИД

Врз основа на член 71 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД Одборот на директори на друштвото на седницата одржана на ден 17.01.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За свикување Годишно Собрание на акционерите на
АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД

1. Одборот на директори на друштвото свикува Годишно Собрание на акцинерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД на ден **18.02.2025 година (вторник)** со почеток во 12:00 часот во седиштето на друштвото на Улица Партизанска број 8 Охрид.

2. За Годишното Собранието на акцинерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД се предлага следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Избор на председавач и работни тела.

2. Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 04.09.2024 година.

3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати завршната сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година, со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2024 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2024 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2024 година и одлучување по:

- Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година;
- Предлог одлука за усвојување на годишна сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2024 година;
- Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година;
- Предлог одлука за покривање на пренесените загуби во АД ОХРИДТУРИСТ – Охрид
- Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2024 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2024 година.

4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2025 година.

5. Одлука за отповикување на Одлуката бр.02-119/9 од 04.09.2024 година за одобрување на Извештајот од Мур Стивенс ДОО Скопје бр.0307/75 од 28.06.2024 година донесена на Собрание на Акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид на ден 04.09.2024 година

6. Одлука за отповикување на Одлуката бр.02-119/11 од 04.09.2024 година за отпочнување постапка за продажба на Хотел Десарет во Охрид донесена од Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од 04.09.2024 година

7. Донесување на Одлука за објавување на оглас за прибирање на понуди за продажба на објектите Компекс Летница во Охрид , Објект,, Ориент,, во Охрид и Хотел Десарет во Охрид

3. За свикување на Годишното Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД да се подготви Јавен Повик за свикување и објавување во еден од дневните весници на територијата на Република Северна Македонија, како и по секоја од точките од дневниот ред утврдени со оваа одлука да се подготват предлог одлуки за донесување и усвојување од Годишното Собранието на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД.

4. Составен дел на оваа одлука се текст Јавен Повик за свикување на Годишно Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД и текст на предлог Одлуки по точките од дневниот ред за донесување на Годишното Собранието на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД.

5. Одлуката влегува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Борче Илиоски

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-176 2
17.01.2025 год.
ОХРИД

Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД согласно Одлуката за свикување Годишно Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД од 17.01.2025 година објавува

ЈАВЕН ПОВИК

За свикување и одржување Годишно Собрание на акционерите на
АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД

Седницата на Годишното Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД ќе се одржи на ден **18.02.2025 година (вторник)** со почеток во 12:00 часот во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС – Охрид на Улица Партизанска број 8 Охрид.

За Годишното Собрание на акционери се предлага следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на председавач и работни тела.
2. Усвојување на Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 04.09.2024 година.
3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати годишна сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година, со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2024 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2024 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2024 година и одлучување по:
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година;
   - Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2024 година;
   - Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година;
   - Предлог одлука за покривање на пренесените загуби во АД ОХРИДТУРИСТ – Охрид
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2024 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2024 година.
4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2025 година.
5. Одлука за отповикување на Одлуката бр.02-119/9 од 04.09.2024 година за одобрување на Извештајот од Мур Стивенс ДОО Скопје бр.0307/75 од 28.06.2024 година донесена на Собрание на Акционери на Охридтурист АД Охрид на ден 04.09.2024 година
6. Одлука за отповикување на Одлуката бр.02-119/11 од 04.09.2024 година за отпочнување постапка за продажба на Хотел Десарет во Охрид донесена од

Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од 04.09.2024 година

7. Донесување Одлука за објавување на оглас за прибирање на понуди за продажба на објектите Компекс Летница во Охрид , Објект,, Ориент,, во Охрид и Хотел Десарет во Охрид

Акционерите на седницата можат да присуствуваат лично или можат да именуваат полномошник. Именувањето на полномошник се врши со нотарски заверено писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести друштвото за секое издадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за дадено полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Услов за уважување на полномошно и верификација на инструкциите за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен известувањето за даденото полномошно да го достави до друштвото, да приложи и соодветен докумета за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице копија од лична карата или пасош,
2. За акционер правно лице тековна состојба од Централен регистар на на РМ во оригинал не постара од 10 дена.

За важечко ќе се смета и полномошно за застапување дадено од акционер на заверено од нотар. Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на седница на собранието и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на Годишното Собрание, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавување за учеството на Годишното Собрание акционерите го вршат со писмена пријава, а кон пријавата приложуваат заверено полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот давател на полномошното како и фотокопија од документацијата наведена за идентификација.

Достави на полномошна и известувања се вршат во седиштето на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД на Улица Партизанска број 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество на Годишното Собрание за уредно спроведување на процедурата за одржување на Собранието.

Акционери кои поединично или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за долонување на дневниот ред како и предлог одлуки поврзано по точките од дневниот ред со образложение. Акционерот барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред за работа на Годишното Собрание и предлагање на одлуките за усвојувањ можат да го достават во рок од осум дена од денот на објавата на Јавниот повик за одржување на Годишното Собрание на акционерите до Одборот на Директори.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на Годишното Собрание. Одговорите на поставените прашања друштвото ќе ги објави на својата интернет страница.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид и подигање на материјалите подготвени за Годишното Собрание во архива на друштвото секој работен ден во време од 12,00 – 14,00 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интеренет страница на друштвото www.ohridturist.mk.

АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Борче Илиоски с.р.

Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД согласно Одлуката за свикување Годишно Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД од 17.01.2025 година објавува

ЈАВЕН ПОВИК
За свикување и одржување Годишно Собрание на акционерите на
АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД

Седницата на Годишното Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД ќе се одржи на ден 18.02.2025 година (вторник) со почеток во 12:00 часот во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС – Охрид на Улица Партизанска број 8 Охрид.

За Годишното Собрание на акционери се предлага следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на председавач и работни тела.
2. Усвојување на Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 04.09.2024 година.
3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати годишна сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година, со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2024 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2024 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2024 година и одлучување по:
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година;
   - Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2024 година;
   - Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година;
   - Предлог одлука за покривање на пренесените загуби во АД ОХРИДТУРИСТ –Охрид
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2024 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2024 година.
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2024 година.
4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2025 година.
5. Одлука за отповикување на Одлуката бр.02-119/9 од 04.09.2024 година за одобрување на Извештајот од Мур Стивенс ДОО Скопје бр.0307/75 од 28.06.2024 година донесена на Собрание на Акционери на Охридтурист АД Охрид на ден 04.09.2024 година
6. Одлука за отповикување на Одлуката бр.02-119/11 од 04.09.2024 година за отпочнување постапка за продажба на Хотел Десарет во Охрид донесена од Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од 04.09.2024 година
7. Донесување Одлука за објавување на оглас за прибирање на понуди за продажба на објектите Комплекс Летница во Охрид , Објект„ Ориент„ во Охрид и Хотел Десарет во Охрид

Акционерите на седницата можат да присуствуваат лично или можат да именуваат полномошник. Именувањето на полномошник се врши со нотарски заверено писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести друштвото за секое издадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за дадено полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Услов за уважување на полномошно и верификација на инструкциите за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен известувањето за даденото полномошно да го достави до друштвото, да приложи и соодветен докумета за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице копија од лична карата или пасош,
2. За акционер правно лице тековна состојба од Централен регистар на на РМ во оригинал не постара од 10 дена.

За важечко ќе се смета и полномошно за застапување дадено од акционер на заверено од нотар. Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на седница на собранието и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на Годишното Собрание, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавување за учеството на Годишното Собрание акционерите го вршат со писмена пријава, а кон пријавата приложуваат заверено полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот давател на полномошното како и фотокопија од документацијата наведена за идентификација.

Достави на полномошна и известувања се вршат во седиштето на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД на Улица Партизанска број 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество на Годишното Собрание за уредно спроведување на процедурата за одржување на Собранието.

Акционери кои поединично или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за долонување на дневниот ред како и предлог одлуки поврзано по точките од дневниот ред со образложение. Акционерот барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред за работа на Годишното Собрание и предлагање на одлуките за усвојување можат да го достават во рок од осум дена од денот на објавата на Јавниот повик за одржување на Годишното Собрание на акционерите до Одборот на Директори.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на Годишното Собрание. Одговорите на поставените прашања друштвото ќе ги објави на својата интернет страница.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид и подигање на материјалите подготвени за Годишното Собрание во архива на друштвото секој работен ден во време од 12,00 – 14,00 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интеренет страница на друштвото www.ohridturist.mk.

АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Борче Илиоски с.р.

Т.1. Избор на Претседавач на Собранието и работни тела;

Т.2. Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 04.09.2024 година.

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ОХРИДТУРИСТ - Охрид

Примено: 04.09.2024			
Орг. един.	Број	Прилози	Вредност
02	119		

Република Северна Македонија
НОТАР
Васил Кузманоски
ОХРИД
Бул:"Македонски Просветители", 5
за подрачјето на Основен суд Охрид

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

04.09.2024 година
(четврти септември двеилјадидваесетичетврта година)
13.00 часот (тринаесет часот)

Јас, нотар Васил Кузманоски од Охрид Булевар "Македонски Просветители" број 5, денес 04.09.2024 година (ден четврти, месец септември, двеилјадидваесетичетврта година) на писмено Известување за Собрание на акционери број 03-104 од 01.08.2024 година на Генералниот директор на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид-Оливера Ставрова присуствував на Собранието на акционери на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид, со седиште на улица "Партизанска" број 8 во просториите на хотел "Палас" Охрид, кое се одржа на денешен ден 04.09.2024 година во просториите во нивното седиште во Охрид на улица "Партизанска" број 8 Охрид, со почеток во 13.00 часот (тринаесет часот), при што согласно член 92 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Македонија број 72/16) и член 407 од Законот за трговски друштва го составив следниот:----------

---

----------ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ----------
----------НА ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКОТО АКЦИОНЕРСКО----------
----------ДРУШТВО ОХРИДТУРИСТ Охрид----------

Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочена:-------

1. Тековната состојба број 0805-50/150020240005722 од 04.09.2024 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија-Регионална регистрациона канцеларија во Охрид----------
2. Одлука за свикување Годишно Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со број 02-103/7 од 26.07.2024 година донесена од Одборот на директори на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид ----------
3. Акционерска книга на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид. Од увидот во истата утврдив дека е во печатена форма, има печат и потпис од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и истата е со состојба на ден 03.09.2024 година во 12:00:12 часот и дека Акционерската книга се состои од 47 (четириесетиседум) иматели на обични акции, истата содржи комплет податоци за имателите на акции и дека вкупниот номинален капитал изнесува 6030185 ЕУР, со вкупен број на гласови 172.291, односно една акција-еден глас----------
4. Јавен повик за свикување и одржување на Годишно Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид објавен во весникот "Вечер" на ден 31.07.2024 година на една половина страна со кој се повикуваат сите акционери или од нив ополномоштени лица да присуствуваат на Седница на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на улица "Партизанска" број 8 на ден 04.09.2024 година, со почеток во 13.00 часот, во просториите на хотел "Палас" на улица "Партизанска" број 8 Охрид----------
5. Јавна објава за дополнување на Дневниот ред за работа на Годишното собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид свикано за ден 04.09.2024 година објавен во весникот "Вечер" на ден 08.08.2024 година на една половина страна----------
6. Статут на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид број 02-589/4-1 од 22.08.2012 година----------

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

7. Список на присутни акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид и ополномоштени лица пријавени за учество на Собранието одржано на ден 04.09.2024 година, кој содржи име и презиме на акционерот, адреса, полномошник, број на акции и потпис. Од наведениот список на седницата се присутни вкупно 6 (шест) акционери и нивни застапници и тоа:----------
1. Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје, со адреса: улица "Димче Беловски" број 2 Скопје-Гази Баба, со ЕМБС 5212855, кој е сопственик на 75021 акции и гласови преку полномошник Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ 0102989450031 и број на л.к. М0823542 издадена од МВР Скопје на ден 30.03.2024 година со Полномошно број 0201/52 од 05.08.2024 година заверено под број УЗП 9169/2024 од 06.08.2024 година од заменик-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
2. ДРАГАНА ЈАНЕВСКА од Скопје со адреса: улица "Владимир Полежиновски" број 14 Скопје-Центар, со ЕМБГ 0305975455039 која е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Миле Бундовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Христо Татарчев" број 47/3-41 Скопје-Кисела Вода со ЕМБГ 3010956450043 и број на л.к. М0662328 издадена од МВР Скопје на ден 20.10.2023 година со Полномошно заверено под број УЗП 9172/2024 од 06.08.2024 година од заменик-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
3. ЈАНЕ ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Васил Ѓоргов" број 28-31 Скопје-Центар, со ЕМБГ 1803977450224 кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Бети Недева од Скопје, со адреса на живеење на улица "Методија Шаторов-Шарло" број 30/2-29 Скопје-Аеродром со ЕМБГ 1007981435019 и број на л.к. А2619822 издадена од МВР Скопје на ден 15.02.2021 година со Полномошно заверено под број УЗП 9170/2024 од 06.08.2024 година од заменик-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје------
4. КИРИЛО ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Скупи 6" број 33А Скопје-Карпош, со ЕМБГ 0809998450008 кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Бети Недева од Скопје, со адреса на живеење на улица "Методија Шаторов-Шарло" број 30/2-29 Скопје-Аеродром со ЕМБГ 1007981435019 и број на л.к. А2619822 издадена од МВР Скопје на ден 15.02.2021 година со Полномошно заверено под број УЗП 9171/2024 од 06.08.2024 година од заменик-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје------
5. Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Кире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, со адреса: Населено место без уличен систем Косел Охрид, со ЕМБС 4211847, кој е сопственик на 50193 акции и гласови, преку полномошник Адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид, со адреса на живеење на улица "Партизанска" број 63 Охрид со ЕМБГ 1009966430002 и број на л.к. А1787043 издадена од МВР Охрид на ден 13.12.2014 година со Полномошно број 03-200/1 од 02.09.2024 година заверено под број УЗП 2810/2024 од 02.09.2024 година од Нотар Васил Кузманоски од Охрид-------
6. ЏЕМАЛ РАХМАН од Охрид со адреса: улица "Абас Емин" број 44 Охрид, со ЕМБГ 1707960430018 и број на л.к. W0010633 издадена од МВР Охрид на ден 14.11.2024 година кој е сопственик на 447 акции и гласови----------
Собранието го отвори Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ 0102989450031 и број на л.к. М0823542 издадена од МВР Скопје како полномошник на М-6 ДОО Скопје кој истакна дека ја отвара оваа седница на Собранието на акционери на ОХРИДТУРИСТ АД Охрид закажана за денес 04.09.2024 година свикано согласно одлука на Одборот на директори со број 02-103/7 од 26.07.2024 година, чие свикување е објавено во средствата за јавно информирање дневен весник од 31.07.2024 година----------
Тој истакна дека за да може Собранието да започне со својата работа по дневниот ред потребно е да се утврди дали за работата на Собранието постои кворум, како би можело Собранието да се одржи и полноважно да одлучува, во

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

согласност со Списокот на присутни акционери и состојбата на Акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност----------
Имено, Собранието на АД ОХРИДТИСТ-Охрид го сочинуваат акционери односно нивни овластени претставници или застапници со право на 172.291 гласови во Собранието. За да постои кворум Собранието да се одржи и полноважно да одлучува потребно е присуство на акционери односно нивни овластени претставници или застапници кои поседуваат најмалку 86.146 гласови од акциите со право на глас што можат да се дадат на Собранието. Според Списокот на присутни акционери и Акционерската книга од Централниот депозитар за хартии од вредност на седницата на денешното Собрание се присутни акционери односно нивни овластени претставници или застапници и тоа: М-6 ДОО Скопје, чиј претставник е тој Мартин Мијовски, Драгана Јаневска чиј претставник е Миле Бундовски, Јана Јаневски и Кирило Јаневски чиј претставник е Бети Недева, ТД Екстра Скопкско ДООЕЛ Охрид чиј претставник е Адвокат Аце Ѓоршевски и акцинерот Џемал Рахман и истите преставуваат 138.378 гласови, или 80,31 % од вкупните акции со право на глас во друштвото, така што констатира дека Собранието има кворум за работа и може полноважно да одлучува.----------
Мартин Мијовски исто така истакна дека на денешното Собрание се присутни и Извршниот и Генерален директор на АД Охридтурист Охрид, Оливера Ставрова и претставник од Ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје------
Поради карактерот на материјалите и точките кои ќе се разгледуваат и за кои ќе се одлучува на ова Собрание, Мартин Мијовски кажа дека е повикан и Нотар, односно Записникот за денешната седница на Собранието на акционери ќе го води нотар Васил Кузманоски од Охрид кој исто така е присутен----------
Мартин Мијовски исто така кажа дека за да може да се одржи Собранието и полноважно да одлучува потребно е од редот на акционерите, односно лицата кои ги застапуваат акционерите да се избере Претседавач кој ќе претседава со денешното Собрание и ќе ја води седницата, како и бројачи на гласови----------
Во контекст на тоа се јави Миле Бундовски кој предложи за Претседавач на денешното Собранието биде избран Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ 0102989450031 и број на л.к. М0823542 издадена од МВР Скопје. Друг предлог за претседавач немаше. Се премина кон гласање за претседавач. Предлогот беше ставен на гласање. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.378 гласови гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------
Се констатира дека за претседавач на денешното собрание едногласно е избран Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ 0102989450031 и број на л.к. М0823542 издадена од МВР Скопје со 138.378 гласови "За"----------
Претседавачот Мартин Мијовски истакна дека со оглед на тоа да Записникот на денешното Собрание ќе го води Нотар Васил Кузманоски потребно е да се премине на избор на двајца бројачи на гласови и за бројачи на гласови од страна на Миле Бундовски беа предложени лицата: Цветанка Савеска и Мирјана Кузманоска. Друг предлог за бројачи на гласови нема----------
Предлогот Цветанка Савеска да се избере за бројач на гласови беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.378 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека Цветанка Савеска е едногласно избрана за бројач на гласови со 138.378 гласови "За"----------
Предлогот Мирјана Кузманоска да се избере за бројач на гласови беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.378 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

Претседавачот констатира дека Мирјана Кузманоска е едногласно избрана за бројач на гласови со 138.378 гласови "За"----------

Потоа се премина кон утврдување на дневниот ред по кој ќе работи денешното Собрание----------

Претседавачот Мартин Мијовски констатира дека на ден 06.08.2024 година во законски предвидениот рок е доставено Барање за дополнување на дневниот ред со вклучување на нова точка, од акционерот М-6 ДОО Скопје, и тоа точка 7 "Донесување Одлука за отпочување постапка за продажба на хотел Десарет", а се со цел запознавање на акционерите на друштвото. Јавната објава на предложената точка за дополнување на дневниот ред за работа на Собранието е објавена на ден 08.08.2024 година во дневниот весник Вечер во законски рок и побара Собранието да одлучува за дополнување на дневниот ред дали истата ќе биде прифатена од присутните акционери и нивните ополномоштени лица----------

За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски како полномошник на Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Кире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ кој побара да се дискутира за проширувањето на дневниот ред истакнувајќи дека тој видел само проширување и дополнување на дневниот ред без никакво образложение од кои причини се додава и нова точка во дневниот ред при тоа обраќајќи му се на Мартин Мијовски како полномошник на предлагачот на новата точка да образложи од кои причини се додава истата----------

Марин Мијовски кажа дека нема образложение и нема за тоа информација и не може за тоа да се произнесе----------

Адвокат Аце Ѓоршевски продолжи со дискусијата истакнувајќи дека на претходното Собрание на акционери одржано на ден 14.07.2023 година по барање на акционерот М-6 ДОО Скопје е донесена Одлука за иницирање на статусни промени на Друштвото. Во таков случај кога има отпочната постапка за статусни промени, односно делба на имотот на Друштвото законски и правно не е возможно да се оттуѓува недвижен имот сопственост на Друштвото појаснувајќи дека доколку се гласа за оваа точка директно се влијае на статусните промени кои се отпочнати и за кои постои судска одлука од што ќе има негативни последици и ќе трпи Охридтурист Охрид. Има Одлука за поделба на Друштвото, дефиниран е моделот на поделба и сега да се бара овој имот да се оттуѓи пред поделбата на друштвото е крајно спротивно на закон и со тоа се причинува штета на акционерот што го застапува тој, ТД Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид. Доколу се сочекало прво да се заврши поделбата на имотот согласно спогодбата која би се постигнала помеѓу акционерите и делбата биде извршена со заверка кај нотар, тогаш не би имало никаков проблем да се изврши продажбата, појаснувајќи дека за тоа да се има предвид дека за ова постои и судска одлука за поделба на Друштвото. Смета дека ова е атак и минирање на постапката за делба на Друштвото од страна на акционерот М-6 ДОО Скопје и тоа треба да се има во предвид за да нема нови судски постапки. Ние во материјалите немаме образложение за оваа точка и нема никаква оправданост за донесувањето на ваква одлука.----------

За збор се јави Миле Бундовски кој кажа дека предлогот е доставен на време, дека постои предлог и одлука во материјалите и дека тоа е доволно да се гласа по истата----------

Аце Ѓоршевски кажа дека има предлог но нема образложение за таквата одлука и повика на разум и истакна дека ова е врзување на очи со темно платно, но сепак судот ќе одлучи дали тоа е исправно. ----------

За збор се јави Џемал Рахман кој кажа дека ќе гласа против оваа одлука за продажба на хотел Десарет, при тоа кажувајќи како може да се продава имот кога е отпочната постапка за статусни промени на друштвото, со

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

напомена дека не сака да се прави штета на малите акционери на кој припаѓа и тој, како и на Друштвото, со оглед на тоа да во дневниот ред има точка и за инвестиции во Десарет, истакнувајќи дека и порано имало вакви точки за продажба на фирмата но тие не се донесени ----------
Друг никој не се јави за збор и се премина кон гласање за вклучување на предложената точка "Донесување Одлука за отпочување постапка за продажба на хотел Десарет" во дневниот ред на денешното Собрание----------
Се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието ја одобри предложената точка "Донесување Одлука за отпочување постапка за продажба на хотел Десарет" да биде вклучена во Дневниот ред како точка 7----------

Потоа Претседавачот премина кон утврдување и читање на дневниот ред по кој ќе расправа денешното Собрание и тоа:----------

ДНЕВЕН РЕД----------

1. Избор на Претседавач и работни тела----------
2. Усвојување на Записник од седница на Собранието на акционери одржана на ден 14.07.2023 година----------
3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати годишна сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2023 година со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2023 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2023 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2023 година и одлучување по:----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2023 година----------
-Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2023 година----------
Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2023 година----------
Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото во 2023 година ----------
4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2024 година----------5. Донесување на одлука во врска со Извештајот за извршени услуги од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје----------
6. Донесување на одлука во врска со инвестициите преземени од закупецот Теди Комерц ДООЕЛ Охрид----------
7. Донесување Одлука за отпочување постапка за продажба на хотел Десарет----------

Потоа се пристапи кон гласање по предложениот дневен ред. Предлогот беше ставен на гласање. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието го усвои предложениот дневен ред со 87.738 гласови "За" и денешното Собрание на акционери ќе работи по истиот----------

Претседавачот Матрин Мијовски истакна дека со оглед на тоа да е исцрпена првата точна од дневниот ред, односно е избран Претседавач и бројачи на

ОДУ
реден број 483/24

(Извод)

гласови се преминува со работа на **втората точка од дневниот ред** "Усвојување на Записник од седница на Собранието на акционери одржана на ден 14.07.2023 година"----------
Претседавачот по оваа точка од дневниот ред истакна дека Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 14.07.2023 година е доставен во материјалите за денешната седница и со истиот се запознати присутните акционери----------
Претседавачот постави прашање дали некој од присутните има забелешки на Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 14.07.2023 година----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски како полномошник на Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ кој во контекст на оваа точка од дневниот ред има неколку прашања: Прво прашање до Извршниот и Генерален директор на Охридтурист АД Охрид Оливера Ставрова, има замерка и постапува прашање зошто нема никакво образложение на поставените прашања што ги поставил на седницата на Собранието на акционери одржана на ден 14.07.2023 година, како и на претходните седници на Собранијата на акционери на web страната на друштвото. Потоа постави прашање за состојбата на друштвото во врска со донесената одлука за хотел Палас, а во врска со одобрението за реконстрокција и адаптација на хотел Палас и Одлуката на собрание за хипотека и за задолжување на друштвото, при што било кажано дека ќе се објави на web страната на Друштвото, но до сега немало никаква објава на web страната, а дали има одговор сега? Исто така има забелешки во врска со преземените активности во Автокампот Љубаништа во врска со извршените градби во кампот, а сето тоа не е објавено на web страната на Друштвото, било кажано дека веднаш ќе се испрати комисија да ја види состојбата и ќе се даде одговор на web страната на Друштвото, но до сега нема ништо од објавата и тоа не е коректно кон акционерите.----------
Извршниот и Генерален директор на Охридтурист АД Охрид Оливера Ставрова по однос на овие прашања истакна дека до сега нема одговор на web страната, но дека истите ќе се разгледаат на Одборот на Директори и ќе дадат писмен одговор----------
За збор се јави акционерот Џемал Рахман кој истакна дека е и акционер и вработен во Друштвото. Тој кажа дека кај него пристапуваат малите акционери со прашања што се случува со Палас и со фирмата, а тој им кажува да отворат на web страната на Друштвото и сами ќе видат. Тој кажа дека на претходното собрание акционерот Славе Андоноски постави прашање за сопственоста на Славија и Ориент, тој му одговорил кој е сопственик, а Извршниот и Генерален директор на Охридтурист АД Охрид Оливера Ставрова кажала дека ќе има подетален одговор на web страната на Друштвото. Досега на web страната нема никакви одговори и тој смета дека треба да се даде одговор на прашањата на акционерите на web страната на Друштвото----------
Друг не се јави за збор и се премина кон гласање за усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 14.07.2023 година. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.378 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека Собранието едногласно го усвои Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 14.07.2023 година----------

Се премина со работа на **третата точка од дневниот ред**:----------
"Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати годишна сметка и годишната пресметка од работењето на АД

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2023 година со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2023 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2023 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2023 година и одлучување по:----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2023 година----------
-Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2023 година----------
Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2023 година----------
Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото во 2023 година" ----------
Претседавачот истакна материјалите по оваа точка од дневниот ред се доставени до присутните акционери и дека пред одржувањето на ова Собрание Одборот на директори извршил контрола на Годишната сметка, Извештајот на Ревизоската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, Извештајот на Службата за внатршна ревизија во АД Охридтурист Охрид за 2023 година и Извештајот на Одборот на директори, ги разгледал предложените предлог одлуки и донесол Одлука истите да му ги достави на Собранието на разгледување и усвојување.----------
По однос на материјалите за оваа точка, тој предложи доколку некој се јавува за збор да се произнесе, па да се отвори расправа по истите и на крајот да се донесат одлуки по нив----------
За збор се јави Извршниот и Генерален директор на Охридтурист АД Охрид Оливера Ставрова која истакна дека има материјали за наведените точки, дека истите се доставени до присутните акционери и дека таа нема да даде образложение и дека ако има прашања нека повелат таа ќе одговори.----------
За збор се јави Адвокат Аце Горшевски кој истакна дека со оглед на тоа да директорката не ги удостоила со образложение, истакна дека никогаш во досегашното работење на Друштвото во последните 20 година, а можеби и во последните 50 години немало ваква загуба од 70.000.000,00 денари и Генералниот директор и Одборот на директори да немаат образложение за загубата и за штетните последици што настануваат со таа загуба. Имам прашање дали е дискутирано на Одборот на директори за оваа загуба, како настанала таа, за штетата и за одговорноста за оваа загуба, за штетата што е нанесена на акционерите и дали ќе има одговорност за тоа, бидејќи Одборот на директори одговара и индивидуално и колективно, ние ви даваме подадена рака, а ако не ќе мора да одиме со тужби и судска постапка.-------
Извршниот и Генерален директор на Охридтурист АД Охрид Оливера Ставрова одговори дека секако е дискутирано, дека ова е прва загуба во нивниот мандат, дека дошло во прашање опстојувањето на фирмата, можеше да се стави клуч на фирмата и вработените да останат без работа и без плати. Одборот на директори барал начин да се надмине оваа состојба и донесена е одлука да се земе мала позајмица од Шпаркасе Банка во рамката од 200.000,00 ЕУР, а се искористени само 5.000.000,00 денари на крајот на 2023 година, со кои се исплатени платите на вработените и другите долгови и како е започнато работењето на деловната 2024 година за кратко време со приходите од закупнина за 2024 година што ги остварува фирмата се исплатил кредитот и се надминала таа состојба. Кога не би бил трошокот по спорот во висина од 70.036.116,00 денари фирмата би била во добивка од 4.998.673,00 денари. Одборот ги разгледал сите пресуди по спорот и поднесена е ревизија на предметот пред Врховниот суд и се чека исходот

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

од ревизијата за да се види што понатака, ќе направи Одборот на директори.----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека Охридтурист АД Охрид поднел тужба против ТД Два Бисера ДООЕЛ Охрид, па од нивна страна е поднесена противтужба во таа постапка и дека се водеше постапка 3 години и се дискутираше за тоа на Собрание постојано, а сега се вадите на ревизија пред Врховен суд. Дали Одборот на директори утврди дека има тужба и противтужба за тоа, дали има вина тука и од кого и дали им е кажано тоа на акционерите. Има рок за одговорност по законот за тоа и ако истиот не се запази ќе има одговорност за Одборот на директори за надомест на штетата----------
Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова истакна дека Одборот за директори е запознат со целокупната оваа работа и поднесена е ревизија пред Врховниот суд----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека апелира до Одборот на директори да внимаваат на роковите за надомест на штета што им е причинета на акционерите бидејќи ако истите се пропуштат Одборот на директори ќе биде солидарно одговорен ако не се поднесе барање за настанатата штета. Тој ги застапува интересите на акционер кој поседува 30 % од акциите, а тоа не мал акционер, а сега се бега од реалноста и одговорноста за штета и се оди на статусни промени, а има рокови за надомест на штета----------
Адвокат Аце Ѓоршевски исто така истакна дека по однос на Извештајот на Одборот на директори на ден 11.12.2023 година е разгледана точка за Информација за понуди од консултантски компании за статусните промени во АД Охридтурист Охрид и дали имало одлука за тоа.----------
Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова појасни дека тогаш немало донесено Одлука од причини што прво се прибирале понуди од најголемите консултантски и ревизорски куќи и за тоа се информирал Одборот на директори дека постапката тече. Адвокат Аце Ѓоршевски праша уште еднаш дали имало Одлука, а Директорот Оливера Ставрова кажа дека тогаш немало одлука, а одлука е донесена во месец февруари кога се собрани и разгледни сите понуди за што тие се информирани----------
Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека на ден 27.02.2023 година е разгледано барањето за продолжување на Договорите за закуп на закупците: Божилак-Орвас ДООЕЛ Охрид, ЕЛ-ЕМ ДООЕЛ Охрид, ЗООМ ДООЕЛ Охрид, Бургер Станица ДОО Охрид, ТД Филип ДООЕЛ Охрид, ТД Каирос 2010 ДОО Охрид и Семафор Комерц-Р Охрид ДООЕЛ И при тоа прашувајќи дали е донесена одлука за тоа и на кој начин и принципи се донесуваат ваквите одлуки за потпишување на Договорите за закуп----------
Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова кажа дека Договорите за закуп се склучуваат за период од 1 година како и до сега и воглавно се дава на истите закупци, а сега се оди во насока да се даде јавен оглас и да се издаваат под закуп на оној кој ќе даде најповолна понуда----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека Договорите за закуп се склучуваат во време на статусни промени и дека не може имотот за време на статусни промени да се оптоварува, да се издава под закуп, прво треба да се заврши постапката за статусни промени, затоа што ќе има постапка за поделба на имотот и ќе се потпишува Спогодба за тоа и не може да му припадне сега на ТД Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид имот кој е оптоварен и е под закуп-------
Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова истакна дека од склучените Договори за закуп се обезбедуваат плати на вработените и тие се склучуваат за период од 1 година и се стават клаузули во таа насока и истите може да се искористат----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека Одборот на директори ја води постапката така да трае премногу долго иако истата постапка за поделба може да се заврши за пократко време од три месеци----------

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова одговори дека тие не ја одолговлечуваат постапката и дека во моментов имаат и проценка и мислење за делба од Консултантската куќа----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека и сега во Договорите за закуп со хотел Десарет има клаузула за престанок на Договорот за закуп во случај на спроведување на статусни промени но истата не се користи од Одборот на директори. Согласно Законот за трговски друштво закупопримачот треба да се однесува совесно и одговорно спрема имотот на закуподавачот. Тоа треба да се има во предвид за да не се нанесува штета на друштвото и ние да кажеме дека не сме знаеле за тоа, а за тоа има лична и колективна одговорност на Друштвото.----------
Исто така Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека на Собранието на акционери одржано на ден 14.07.2023 година е донесена Одлука за отпочнување на статусни промени на Друштвото но до денеска повеќе од една година тоа не е завршено, а на два пати сме имале случаи кога постапката е завршена за по три месеци. Ние сме барале реновирање на Палас и на другите објекти и иако беше донесена Одлука вие не ја прифаќавте. Со неспроведувањето на одлуката за статусни промени се прави штета на акционерот ТД Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид----------
Би сакал уште да надополни дека краен рок беше 30.06.2024 година Ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје да достави Извештај за статусните промени----------
Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова кажа дека Извештајот е доставен до тој рок во Друштвото.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека е крајно неодговорно да акционерот кој бара издвојување да не биде повикан во постапката, ние тоа го побаравме од Одборот на директори на писмено, беше кажано дека ќе не викнете и ќе не вклучите, но тоа не се случи и не сме вклучени. За реализацијата на судската одлука за статусни промени која е правосилна и на која немате право на ревизија од сите професори и експерти кои сме ги консултирале ни е кажано дека е несфатливо да не биде повикан акционерот ТД Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид. Тука треба да се имаат во предвид и правата на малите акционери и правата на државниот капитал кој учествува со 14% од акциите. Вие не сакате да вложувате во туризмот, вие сакате да продавате, дајте да се поделиме, да ги направиме статусните промени, па после ќе ви гласаме и за продажба на имот. Ние нема да продаваме и ќе вложиме во објектите и ќе ги ставиме во функција. Сакам да нагласам дека е можна и одговорност на Одборот на директори за ова и статусните промени треба да се реализираат согласно закон и секој да си го добие своето----------
Адвокат Аце Ѓоршевски праша како Одборот на директори има намера да ја реализира Одлуката на собранието за спроведување на постапката за статусни промени и во кои рокови тоа ќе го направи.----------
Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова кажа дека за таа намера е ангажирана Консултантска куќа која изготви проценка на имотот и моделот на издвојување по кој ќе се спроведе постапката, за тоа не може да одлучи Одборот на директори и Собранието на акционери треба да одлучи за тоа.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека целокупната постапка треба да ја води Одборот на директори, а не Собранието на акционери, дека Собранието на акционери ја носи само одлуката, а истата треба да ја спроведе Одборот на директори----------
Миле Бундовски кажа дека така одлучил Одборот на директори за тоа да одлучи Собранието на акционери----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека проценката не е објавена на web страната на друштвото и дека ја нема во материјалите за денешната седница----------

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова кажа дека е доставен рекапитулар на проценката, а дека поради обемноста на материјалот е кажано дека акционерите можат да дојдат во друштвото и да се запознаат со проценката и дека на нив како најголем акционер им е доставена Проценката.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека тоа не е ставено на web страната на друштвото, не се доставени материјалите и дека акционерите не се повикани да дојдат во друштвото да им се даде проценка на недвижниот имот----------

Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова кажа дека е доставен рекапитулар на проценката и дека никој не се јавил од акционерите во друштвото да направи увид во материјалите----------

Адвокат Аце Ѓоршевски праша дека не му е одговорено во кој рок Одборот на директори ќе ги спроведе статусните промени.----------

Миле Бундовски истакна дека нема тука рок ----------

Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова кажа дека прво ќе се сочекаат Одлуките од Собранието на акционери, дека адвокатот што е во Одборот на директори сметаше прво треба Собранието на акционери да ги донесе овие одлуки, а потоа за тоа ќе одлучи Одборот на директори за натамошната постапка----------

Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека една година и два месеци нема одлука за статусните промени и не се знае кога ќе заврши постапката и тој што да му каже на акционерот кој тој го застапува и нагласи дека Екстра Скопско ДООЕЛ ќе ги штити своите интереси согласно законот----------

За збор се јави Џемал Рахман во врска со работењето на Друштвото во деловната 2023 година кој кажа дека на жалост за прв пат нема извештај од Извршниот директор во врска со работењето и има неколку прашања до Извршниот директор во врска со загубата во работењето на Друштвото појаснувајќи дека тој повеќе од 40 години е во Друштвото и до сега сметката не била блокирана, немаше плата за работниците и дали некој ќе понесе одговорност за тоа. Ние како акционери сме оштетени тука, а вие сте дојдени само да ги изготвите и да ги донесете одлуките и за друго не ве интересира. Треба да има одоговорност и за стариот Одбор на директори што мене ме дадоа на суд и во обвинителство, а за тоа Оливера потпишала полномошно. Се донесе одлука од судот дека јас не сум направил никаква штета, опремата се наоѓа во хотелот и се користи и сега треба да има одговорност за штетата што е направена од страна на Одборот на директори и дека се земени 1.200.000,00 евра. И уште едно прашање во врска со адаптација на Палас зошто не се реализира тоа кога има правосилно одобрение и за тоа нема ништо во Извештајот и не се информирани акционерите. Исто така ме интересира и за статусот на вработените кој не се адекватно ангажирани и луѓето се револтирани со надоместокот што го примаат кој е минимален, а од друга страна се носат вработени кој земаат далеку поголеми плати, а товарот на работата паѓа на нашите вработени. Во врска со годишниот ревизорски извештај тој кажа дека лани истата ревизорска куќа кажала дека нема ризик од судскиот спор со ТД Два Бисера и лани изгубивме 1.200.000,00 евра, направена е штета во фирмата и за тоа нема образложение во Извештајот. Истата Ревизорска куќа прави Извештаи а никогаш не ги имам видено да дојдат во Охридтурист. Порано секоја година со Извештајот во претходните години се доставуваше пропратно писмо до Одборот на директори со забелешки што треба да се прави, но лани тоа го немаше со образложение дека нема потреба од тоа, а и оваа година исто така нема такво пропратно писмо. За внатрешната ревизија има некаков извештај, добро е што не е како лани кога беше ставен Извештајот од Тиквеш, но и тие ревизори не се дојдени во фирмата и во Извештајот нема образложение за штетата и загубата што е направена во фирмата----------

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

За збор се јави претставникот на МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, Костадинка Китановска која кажа дека во врска со ревизијата на приложените финансиски извештаи на Охридтурст, раководството на друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија. Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија. Во однос на спорот во финансискиот извештај во белешка 31 е земен во предвид спорот и настанот и констатирано дека истиот нема ризик врз понатамоштото работење на фирмата. За писмото до менаџментот точно е дека се издаваат, но само кога ќе се констатираат грешки во однос на работењето и во интерната контрола, а овде тоа го нема. Ние не анализираме судски спорови, тоа е работа на правната служба, а сето тоа е опфатено во нашиот извештај--------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој праша дали Извештајот за ревизијата е наменет за акционерите и дали треба да се известат акционерите за тоа како работел Одборот на директори. Лани имавме активен спор, а сега имаме завршен спор и лани баравме за тоа да бидат известени акцинерите и дали е испратено писмо до Одборот на директори со забелешки и со укажување за штетата по спорот што е настаната----------
Претставникот на МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, Костадинка Китановска појасни дека раководството на друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансискиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија. Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија и интерната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултатот на измама или грешка. Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија----------
Адвокат Аце Ѓоршевски постави прашање до претставникот од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје зошто во Извештајот не е образложената штетата од загубата со изгубениот судски спор туку во истиот се наведува дека само има загуба без никакво образложение и зошто нема писмо до Одборот на директори----------
Претставникот од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје кажа дека во белешка 31 од Извештајот е констатиран судскиот спор против Друштвото и нема обврска да го коментира, а писмо до Одбор на директори нема затоа што нема забелешки во работењето на Друштвото, а раководството е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа на Друштвото----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека Ревизорскиот извештај е направен проформа, а некој друг ќе го каже мислењето за законитоста на Ревизорскиот извештај----------
Друг не се јави за збор и расправата беше заклучена и се премина кон гласање по предложените Одлуки од дневниот ред----------
Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварени резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2023 година при што "За" гласале 87.737 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог

одлука за усвојување на Извештај за остварени резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2023 година со 87.738 гласови "За"----------

Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2023 година при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2023 година со 87.738 гласови "За"----------

Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2023 година при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2023 година со 87.738 гласови "За"----------

Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година со 87.738 гласови "За"----------

Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2023 година, при што се гласаше јавно и тоа за секој од членовите на Одборот за директори. Претседавачот укажа дека гласањето по оваа Одлука се врши за секој посебно од членовите на Одборот на директори па потоа ќе се произнесе Собранието по предложената одлука. Составот на Одборот на директори е следен: Борче Илиоски-Претседател на Одборот на директори и Неизвршен член, Филип Медарски-Неизвршен член на Одборот на директори, Оливера Ставрова-Извршен член на Одборот на директори и Генерален директор, Снежана Славкова-Неизвршен член на Одборот на директори и Златко Ивановски-Неизвршен независен член на Одборот на директори, и потребно е да се гласа за одобрување и тоа поединечно за секој член--------

Претседавачот побара да се гласа. Се гласаше јавно и поединечно, при што:-

За одобрување на работата на Борче Илиоски-Претседател на Одборот на директори и Неизвршен член гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.640, "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" Собранието ја одобри работата на Борче Илиоски-Претседател на Одборот на директори и Неизвршен член----------

За одобрување на работата на Филип Медарски-Неизвршен член на Одборот на директори гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.640, "Воздржани" нема--

Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" Собранието ја одобри работата на Филип Медарски-Неизвршен член на Одборот на директори----------

За одобрување на работата на Оливера Ставрова-Извршен член на Одборот на директори и Генерален директор гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.640, "Воздржани" нема----------

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" Собранието ја одобри работата на Оливера Ставрова-Извршен член на Одборот на директори и Генерален директор----------
За одобрување на работата на Снежана Славкова-Неизвршен член на Одборот на директори гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.640, "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" Собранието ја одобри работата на Снежана Славкова-Неизвршен член на Одборот на директори----------
За одобрување на работата на Златко Ивановски-Неизвршен независен член на Одборот на директори гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.640, "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" Собранието ја одобри работата на Златко Ивановски-Неизвршен независен член на Одборот на директори----------
---

Претседавачот констатира дека согласно дадените гласови за секој од членовите посебно од Одборот на директори Собранието на акционери донесен одлука со која ја одобрува работата на сите членови на Одборот на директори на АД Охридтурист Охрид како во предлог одлуката----------
---

Се премина со работа на **четвртата точка од дневниот ред**:----------
Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид за 2024 година----------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред и праша дали некој се јавува за збор по оваа точка и дали има предлози по однос на изборот на Ревизорската куќа која ќе ја врши ревизијата во 2024 година.-
За збор се јави Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова која кажа дека се доставени три понуди и тоа: Друштво за ревизија РСМ чија понуда изнесува 6.000 ЕУР без ДДВ, потоа КРЕСТОН чија понуда изнесува по 6.000,00 ЕУР без ДДВ и МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, чија понуда изнесува 2.500,00 ЕУР без ДДВ----------
За збор се јави Миле Бундовски кој предложи Ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје да биде избрана за ревизорска куќа која ќе врши ревизија во 2024 година----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој кажа дека се консултирал со професори, ревизори и други стручни лица и праша дали може 20 години една иста куќа да биде ревизор. И лани го поставил истото прашање но му било одговорено дека ревизорите се менувале иако била иста Ревизорска куќа и тоа не е спротивно на закон. Исто така кажа дека МУР СТИВЕНС ДОО Скопје е активно вклучен и ги застапува интересите само на еден акционер. Тоа го докажал и во пракса и лани направил стручна анализа кој го доведе во заблуда Одборот на директори за да се води судскиот спор за надомест на штета кој на крајот го изгуби и сега резултира со загуба на фирмата. Можеби се најевтини, но тоа не е во ред тие 20 години да бидат ревизори на фирмата и добро е да се вклучат други ревизори и само ревизори можат да кажат за финансиското работење на Друштвото. МУР СТИВЕНС ДОО Скопје е вклучен и во постапката за статусни промени и делба на Друштвото и затоа да се избере друга ревизорска куќа и Екстра Скопско е спремно доколку е потребно да ја плати разликата во цената за друга ревизорска куќа.----------

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

За збор се јави Џемал Рахман кој истакна дека нема ништо лично против луѓето но Ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје се пристрасни. Тој тоа го осетил на себе кога ги имал проблемите со Охридтурист до нив испратил едно писмо и тоа стигнало до сите членови на Одборот на директори и мислам дека е потребно да се ангажира друга Ревизорска куќа-Со оглед на тоа да никој друг не се јави за збор Предлогот МУР СТИВЕНС ДОО Скопје да биде ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД Охридтурист Охрид за 2024 година беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог Одлуката со која МУР СТИВЕНС ДОО Скопје е избрана за ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД Охридтурист Охрид за 2024 година со 87.738 гласови "За"----------

---

Се премина со работа на **петтата точка од дневниот ред** "Донесување на одлука во врска со Извештајот за извршени услуги од МУР СТИВЕНС ДОО"----------

Претседавачот истакна материјалите по оваа точка од дневниот ред се доставени до присутните акционери и отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој побара одговор од Директорот Оливера Ставрова во врска со оваа точка и при тоа истакна дека акционерот ТД ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ Охрид има доставено писмен допис-барање до Одборот на директори со Технички извештај, анализа на извршената процена на недвижностите од Овластено геодетско друштво Геопрактика Охрид и Мислење за примена на методологијата за процена на вредност на недвижен имот од Консултантско друштво ПРИМА ТИМ ДОО Охрид----------

Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова истакна дека барањето е доставено до Одборот на директори и до МУР СТИВЕНС ДОО Скопје кој даде мислење дека поради користење на годишни одмори не се во можност да се произнесат, а ние го добивме барањето касно во четвртокот и немаше време за да одлучи Одборот на директори и смета дека за оваа точка треба да одлучи Собранието на акционери.----------

За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој кажа дека имаше Барање од негова лична страна за заеднички состанок со МУР СТИВЕНС ДОО Скопје и Одборот на директори за да нема проблеми во натамошната работа, но до таков состанок не дојде.----------

Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова истакна дека Одборот на директори поради здравствени проблем на некои членови и користењето на годишни одмори, како и немање на време не се одржа таков состанок.----

Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека за оваа точка треба да одлучи Одборот на директори, а не да се разгледува на Собрание на акционери.----------

Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова кажа дека поради неможност да одлучи Одборот на директори од наведените причини по оваа точка Одборот на директори го достави тоа да одлучи Собранието на акционери.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека со оглед на тоа да нема материјали по оваа точка тој го достави барањето заедно со Технички извештај, анализа на извршената процена на недвижностите од Овластено геодетско друштво Геопрактика Охрид и Мислење за примена на методологијата за процена на вредност на недвижен имот од Консултантско друштво ПРИМА ТИМ ДОО Охрид во врска со оваа точка од дневниот ред до: Извршниот директор, Претседавачот на денешното собрание, Нотарот, на Џемал Рахман и на сите

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

присутни и претставени акционери, а Директорот Оливера Ставрова истакна дека тие го доставиле до Ревизирската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје.--------
Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека во услови кога има Одлука од Собрание на акционери од 14.07.2023 година за статусни промени на Друштвото нема потреба да се бара за тоа да одлучува Собранието на акционери. Одборот на директори има мандат од Собранието на акционери да одлучува за тоа и да поднесе спогодба во форма на нотарски акт за поделба на друштвото. Одборот на директори не успеал една цела година да ја заврши работата што може да се заврши за три месеци и сега подметнува Извештај што не е тоа извештај за модел. Законот за трговски друштва познава два вида на делби: едната е издвојување со план за поделба и другата со Спогодба за превземање и колегата Панче Нефтенов во информацијата добро кажал дека Судската одлука е со издвојување со превземање. Беше побарано да се седне на маса и да се разговара за тоа како не би имало проблем и дискусии на денешното Собрание, но како што беше кажано поради болест на некои членови на Одборот и немање на време не дојде до тоа. Во информацијата на МУР СТИВЕНС ДОО Скопје стои дека прилог е Проценката на недвижен имот, а таа проценка не доставена до акционерите и барате за истата тие да гласаат, ова го нема никаде како да се гласа за проценка која не е доставена до акционерите.----------
Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова истакна дека до акционерот ТД ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ Охрид како најзаинтересиран е доставена проценката по e-mail.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека не е доставена до другите акционери, а акционерот ТД ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ Охрид доставил забелешки на истата, дека истата содржела доста грешки и пропусти, барал состанок но до тоа од разни причини не дошло. Ова го нема никаде како да се гласа за проценка која не е доставена до акционерите.----------
Во врска со проценката на капиталот прилог на извештајот го постави прашањето за извршените услуги од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје дека има грешки и беше побарано од Овластеното геодетско друштво ГЕОПРАКТИКА Охрид да изврши проверка на утврдените состојби во Извештајот за извршените услуги од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје при што се утврди дека во дадените податоци за комлекс Летница има отстапување во податоците за земјиштето и етажот (деловните простории).----------
Согласно Техничкиот извештај на Овластеното геодетско друштвото ГЕОПРАКТИКА Охрид е направена анализа за податоците на земјиштето согласно податоците од Имотниот лист при што е покажана поголема површина од 65 м2, а во однос на податоците за етажот има неевидентирана површина од 31 м2.----------
Од друга страна во Техничкиот извештај е направена анализа на табелата за користени податоци за проценка врз основа на кој е изготвен Извештајот за извршените услуги од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје при што е направена споредба со фактички утврдената состојба од страна на истото Геодетско друштво и е утврдено дека во Проценката се користени погрешни односно нецелосни податоци за површините и е прикажана помала евидентирана површина од 146 м2 за деловни простории. Ваквата состојба укажува на фактот дека проценката на недвижниот имот во Комплекс Летница не е валидна односно, треба да се дополни и да се разјаснат и отстранат наведените пропусти во Проценката.----------
Заради добивање на права слика на оваа состојба ангажирана е и овластена фирма за проценка на недвижен има ПРИМА ТИМ ДОО Охрид која изготви стручно мислење за истото при што има констатирано дека постојат отстапувања во примената на Методологијата за проценка на недвижен имот во делот на проценка на делови од објектот кои се евидентирани во Евидентен лист и не се запишани како сопственост на АД ОХРИДТУРИСТ

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

Охрид во катастарската евиденција со површина од 607 м2 и при тоа истите се влезени во проценка на капиталот со еднаква вредност како делови од објектот кои се запишани во Имотен лист, дека се користени податоци за подруми и помошни простории, а не е направена проценка на истите согласно Методологијата за процена, како и други забелешки опишани во мислењето----------

За ваквите забелешки тој се слушнал и со Адвокат Панче Нефтенов кој му го посочил Генералниот и Извршен директор Оливера Ставрова и побарал состанок на кој ќе ги усогласат констатираните грешки и пропусти и истиот му кажал дека претставникот од МУР СТИВЕНС Антонио Вељанов не сака да има работен состанок----------

Ние имаме и мали акционери и државен капитал и треба да се внимава каква одлука ќе се донесе бидејќи на крајот се што се случува овде ќе оди и ќе се решава во државните институции. Овде се крие капиталот, се обезвреднува капиталот и се подметнува да се гласа за проценка која не доставена до акционерите, има грешки во проценките, за Летница не е прикажан капиталот, имаме проценка на објекти во евидентни листови со вредност како во имотни листови тоа го нема никаде и барате ова да биде гласано на собрание на акционери.----------

Генералниот и Извршен директор Оливера Ставрова кажа дека Одборот на директори се нема произнесено по ова барање и Одборот на директори не може да го стопира Собранието и сите се запознаени за ова барање на ТД Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид и Одборот на директори и Ревизорската куќа и сега треба да одлучи за тоа Собранието на акционери.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека апелира до акционерот М-6 ДОО Скопје по чиј предлог е донесена постапката за статусни промени и до Претседавачот на денешното Собрание кој е нивни полномошник да ја надминиме сегашнава ситуација со тоа што да не гласаме за овој Извештај-проценка која е фалична и проблематична утврдено од Овластено геодетско друштво и овластена фирма за проценка на недвижен имот и оваа точка да ја одложиме и да не ја расправеме денеска за да може МУР СТИВЕНС ДОО Скопје и Заводот за вештачење да се произнесат по овие забелешки и кога ќе се потпише Спогодбата за делба да се земат во предвид тие забелешки.-

Генералниот и Извршен директор Оливера Ставрова истакна дека тука има цел тим на проценители, адвокати, ревизори, консултантски куќи кои работат на оваа проблематика. ----------

Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека во извештајот Антонио Вељанов вели дека работата на МУР СТИВЕНС ДОО Скопје не е завршена и тие кажуваат дека истата ќе ја реализираат во моментот кога ќе ја добијат Спогодбата за поделба во форма на нотарски акт за конкретна статусна промена претходно одобрен од страна на Собранието на акционери.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски исто така истакна дека не е така, дека ревизија се прави пред потпишување на нотарскиот акт, дека треба да се утврди дали размената со акции и недвижен имот со Екстра Скопско е сразмерен, ние кажуваме дека тука има проблем, дека не е така дека прво треба тие да се расчистат, а потоа да се гласа, ви кажувам дека за ова ќе треба да одлучуваат други државни институции. Со ова се руши концептот на статусни промени. Извештајот што ќе се гласа не е со проценка, само со податоци од проценка, Извештајот од Геопрактика е само за еден објект а еве ќе ви кажам и за другите објекти каде има катастрофална грешка. Пример Орце Николов е запишан со површина од 3980 м2, а Орце Николов е со површина од 7000 м2 таму се два објекти, а вие имате опфатено сама еден објект. На ова не терате да потпишиме спогодба за која можеме сите да одговараме. Ние сакаме чесно поштено коректно и по закон да се извршат статусните промени. Ве информирам дека имам мандат ако ова вака се изгласа целокупната оваа работа да оди во надлежните државни институции и затоа

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

апелирам до акционерите во Собранието затоа што има проблем да не се гласа по оваа точка од дневниот ред.----------
За збор се јави Миле Бундовски кој кажа дека ја сватиле поентата по оваа точка но имаме усвоен дневен ред на кој е и оваа точка и истата да се стави на гласање.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека ве предупредив на незаконитоста на ваквата одлука ако истата се донесе ќе треба да се гледаме пред надлежните државни институции----------
Миле Бундовски побара повторно да се гласа за оваа точка од дневниот ред.----------
За збор се јави Џемал Рахман кој истакна дека има неколку забелешки, дека материјалот за оваа точка од дневниот ред му е даден од претставникот на Екстра Скопкско и сега не можел да го чита. Во информацијата по оваа точка нема проценка за утврдените вредности на објектите на фирмата изработен од Заводот за вештачење и не е доставена на акционерите што е пропуст на Одборот на директори и тие се сериозни пропусти што ги засегаат сите акционери, а поготово нив малите акционери. Се крие проценката од нас малите акционери и ја нема на web страната на друштвото. Се работи спротивно на интересите на акционерите, тука е и загубата за судските спорови за кои не се бара одговорност и се кријат многу работи од самите акционери. Имам податоци за недвижниот имот на друштвото, има многу пропусти во проценката за кое има мислење и Извештај од Геопрактика Охрид, јас ќе ги кажам следните пропусти: Автокамп Љубаништа пишува 1677 м2, а Автокампот има 1330 м2 земјиште и објекти. Орце Николов има вкупно двор 16136 м2 а под објект се 7645 м2 каде е најчист објект, Билјанини Извори еве не го коментирам, во Десарет има 21.644 м2 земјиште и 12.516 м2 под зграда, Палас има земјиште 13.513 м2 а вие го водите 9.308 м2, а под објект стои 1220 м2, а Палас под објект е 10970 м2 и не знам како може да се направи ваква огромна грешка. За Десарет има евидентен лист кој не е приватизиран и легализиран за површина од 4.492 м2. Во Летница има 4.236 м2 дворно место, 2396 м2 под објект и 607 м2 по евидентен лист кој треба да се легализираат и приватизираат. За Ориент не сакам да зборувам тој е помал но и тука има доста грешки, незнам дали овие грешки се намерни или ненамерни некој треба да ми објасни.----------
Ние во фирмата и друг пат сме правеле проценки за вредноста од Заводот за вештачење и тоа по објекти изгледа вака: Десарет порано бил проценет од вкупната вредност објектот со 39,2 %, а сега е со 33,24 %, зошто е сега падната вредноста кога таму има вложување и по старата и по новата проценка. За Палас старата проценка била 37,87 %, а сега новата проценка е 22,87%, овде е намалувањето скоро 12-13 % и не ми е јасно зошто е намалена вредноста. За Летница вредноста била 7,59 %, а сега е 28,05% . Таму ништо не е вложено, а вредноста е зголемена, на што се должи тоа не знам. Орце Николов од 7,14 % вредноста сега е 9,82 %. Таму наместо да се намали вредноста таа е зголемена. Автокамп Љубаништа таму наместо да се зголеми се намалува вредноста, порано била 7,48 %, а сега е 3,17 %. Ориент била 0,02 % дојдено е на 2,77 %, Билјанини Извори не го споменувам. Ќе барам во оваа проценка да влезе и објектот Имарет кој секогаш го забораваме и не е влезен и имам јас морално и духовно право да барам да влезе во проценката и истиот побара овие укажувања да влезат во Записникот. И тој побара одлагање на оваа точка со оглед дека материјалите за оваа точка не се доставени до акционерите, не се објавени на web страната на друштвото и затоа бара да се одложи оваа точка за не се влези повторно во нови судски спорови и да има повторно надомест на штета. Ние малите акционери а и државата сме најповеќе оштетени и ќе бараме да се понесе одговорност за тоа.----------
Со оглед на тоа да никој друг не се јави за збор по оваа точка од

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

дневниот ред Одлука за Извештајот за извршени услуги од МУР СТИВЕНС ДОО беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе предложената Одлука во врска со Извештајот за извршени услуги од МУР СТИВЕНС ДОО со 87.738 гласови "За"----------

Се премина со работа на **шестата точка од дневниот ред "Донесување на одлука во врска со инвестициите преземени од закупецот Теди Комерц ДООЕЛ Охрид"**----------

Претседавачот истакна материјалите по оваа точка од дневниот ред се доставени до присутните акционери и отвори расправа по оваа точка од дневниот ред----------

За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој кажа дека се прави фарса од денешното собрание на акционери бидејќи со ставањето на точката за статусни промени, оттуѓување на дел од имотот и да ја ставите оваа точка на дневен ред е надвор од секоја процедура. Со ова се прави штета на акционерите и ако акционерот ТД Екстра Скопско го преземе овој објект му ставате товар на преземениот објект со Договор за закуп----------

Генералниот и Извршен директор Оливера Ставрова истакна дека Одборот на директори донесол одлука да не се продолжи важноста на Договорот за закуп туку само се менуваат условите само на постојниот Договор за закуп. Имаше барање од закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид за реновирање на објектот бидејќи 112 соби беа за реновирање и не можеа да се издаваат------

Во постапка за комуникација на Одборот на директори и закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид закупецот ја има започнато инвестицијата во хотел Десарет и има превземено активности за реновирање, па имајќи ги во предвид започнатите и превземени работи и активности за реализација на инвестицијата Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид побара и одлучи да се ангажираат стручни технички лица со цел да се изврши увид во извршените работи во хотел Десарет и да се утврди вредноста на извршените инвестиции од страна на ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид----------

Од ангажирањето на сручната комисија на извршените инвестициони работи, призната е вкупна вредност на целокупната инвестиција извршена од ТЕДИ КОМЕРЦ во износ од 15.421.836,66 денари, На ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид како закупец му е призната договорна обврска негова вложена инвестиција во износ од 3.084.367,73 денари и 12.337.470,93 денари инвестиција на ТЕДИ КОМЕРЦ наменета за компензација на закупнините во натамошниот период на траењето на закупот што би било утврдено со склучување на Анекс договор број 1 кон основниот склучен и во траење Договор за закуп.----------

При тоа се предлага да зголеми постојниот фиксен надомест од 40.000,00 ЕУР на 115.000,00 ЕУР и варијабилниот од 6 % од остварениот месечен промет да се намени за инвестицијата. Друго решение е да се задолжни ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид да го врати објектот во првобитната состојба што сметаме дека е нецелисходно бидејќи инвестицијата е направена и тоа оди во прилог и на АД Охридтурист Охрид бидејќи се издаваат повеќе соби. Одборот на директори го одби барањето на ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид за продолжување на рокот на времетраење на Договорот за закуп----------

Одборот на директори смета дека најцелисходно по однос на направените инвестиции на ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид и начинот на намирување на истите е Собранието на акционери да одлучи за признавање на инвестицијата во износ од 15.421.836,66 денари на закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид, призната договорна обврска и негова вложена инвестиција во износ од 3.084.367,73 денари и 12.337.470,93 денари инвестиција на ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид наменета за компензација на закупнините во

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

натамошниот период на траењето на закупот кој следи по склучување на Анекс договор број 1 кон основниот склучен и во траење Договор за закуп---
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека ваков рационален пристап немаше кога беше закупец ТД Два Бисера Охрид, прво се бараше барање за инвестиција, а потоа се одлучуваше, а сега имаме прво направена инвестиција, па се носи одлука за вложување.----------
Генералниот и Извршен директор Оливера Ставрова истакна дека инвестијата во голем дел беше направена кога се запозна со тоа Одборот на директори и смета дека е ова поволно за фирмата бидејќи инвестиција од 22.000.000,00 денари се сведува на наша обврска од 12.000.000,00 денари и тоа од варијабилниот дел од надоместокот. Закупецот бараше поголем рок на важење на договорот но тоа Одборот на директори не го прифати и договорот важи до април 2025 година со можност за продолжување од 2 година ако тоа го прифати некој страна----------
Адвокат Аце Ѓоршевски праша дали за ова постои писмена согласност од закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид на што Генералниот и Извршен директор Оливера Ставрова кажа дека постои таква писмена согласност.-----
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека не треба во време на статусни промени да се стваараат нови обврски врз имотот на друштвото, истиот да се оптоварува бидејќи ако тој имот го прими ТД ЕКСТРА СКОПСКО може да му се нанесе штета на акционерот и смета дека оваа точка требаше да ја реши Одборот на директори, а не Собранието на акционери----------
Генералниот и Извршен директор Оливера Ставрова истакна дека со оглед на тоа да станува збор на сериозен износ од 200.000,00 ЕУР адвокатот во Одборот на директори предложил истата да ја донесе Собранието на акцинери----------
За збор се јави Џемал Рахман кој истакна дека има спротивставени ставови по оваа точка за инвестицијата во хотел Десарет, дека ова е работа на Одборот на директори и тој треба да ја донесе Одлуката. Се имало и поголеми вложувања и инвестирања во фирмата и истите се решавале на седници на Одборот на директори и сега со ова се префрла одговорноста од Одборот на директори на Собранието на акционери. Не е време за вакви одлуки во време на статусни промени и сега пак ќе има основи за нови спорови, за штети и за тужби во фирмата. Ние сите го гледаме Палас во Охрид во кој се одржуваат многу манифестации и истиот стои на исто место таков каков што е по мое видување уште долго ќе стои така----------
Со оглед на тоа да никој друг не се јави за збор во врска со донесување на Одлука во врска со инвестициите преземени од закупецот Теди Комерц ДООЕЛ Охрид беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 и "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе предложената Одлука во врска со инвестициите преземени од закупецот Теди Комерц ДООЕЛ Охрид со 87.738 гласови "За"-----
---
Се премина со работа на **седмата точка од дневниот ред Донесување Одлука за отпочување постапка за продажба на хотел Десарет**----------
Претседвачот кажа дека Одлуката се наоѓа во материјалите за денешната седница и отвори расправа по оваа точка од дневниот ред----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека полномошникот на М-6 ДОО Скопје кој по вокација е и правник требаше да знае дека кога се носи ваква одлука треба да е истата и образложена за да знаат акционерите како да гласаат. Не може на ваков начин да се донесе ваква одлука, не може во постапка за статусни промени да се носи одлука за отпочнување на постапка за продажба на објект и ова е класика на ништовна одлука и имате одговорност за тоа, ова е тендециозно однесување

ОДУ
реден број 483/24
(Извод)

со мајоризација на гласови и причинување на штета на акционерите и ова е класика за причинување на штета и класика на криминал.----------
За збор се јави претседавачот кој истакна дека ако на акинерот не му се допаѓа одлуката не значи дека со тоа се причинува штета на фирмата----------
Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека во постапка за статусни промени по закон е забранета продажба на имот на фирмата, не е тоа законско. Гласавте за проценка во која е содржан во капиталот и хотел Десарет, а сега се носи одлука за продажба на истиот. Тоа е тотално незаконски работење и функционирање и ќе има одговорност. Ќе гласам против оваа одлука и сите одлуки за кои гласав ќе бидат предмет на судски епилог и ќе бидат доставени до надлежни државните органи за да бидат запознаени и ќе се гледаме на други места. Ова е тотално незаконито работење и функционирање----------
Миле Бундовски побара да се гласа за одлуката по точката на дневниот ред и кажа дека не е завршена поделбата на фирмата. Аце кажа дека и тој смета дека не е завршена поделбата и ја гласавте проценката која е фалична во која влегува и Десарет, а сега како ќе се изврши поделбата на имотот. Ова е класика на ништовна одлука----------
Со оглед на тоа да никој друг не се јави за збор во врска со донесување Одлука за отпочување постапка за продажба на хотел Десарет истата беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 и "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе предложената Одлука за отпочување постапка за продажба на хотел Десарет со 87.738 гласови "За"----------
---
По исцрпувањето на дневниот ред седницата заврши во 15.30 часот----------
Адвокат Аце Ѓоршевски побара да му се даде примерок-фотокопија од Списокот на присутни акционери и истиот му е даден----------
Овој Записник лично го составив се состои од дваесет страници и дваесет листа, му го прочитав на Претседавачот Мартин Мијовски и го предупредив на правните последици на оваа правна работа----------
Претседавачот Мартин Мијовски изјави дека ги прифаќа правните последици кој произлегуваат од оваа правна работа и дека содржина на овој Записник во целост одговара на вистинската состојба----------
Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој Записник----------

Претседавач: МАРТИН МИЈОВСКИ с.р.----------

Потврдувам дека овој извод го споредив со оригиналот кој се наоѓа во моите списи и утврдив дека целосно се поклопува со оригиналот. Овој е прв извод----------
По составувањето на Записникот, издадени се три изводи за Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид----------
Нотарската такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријатот во износ од петстотини денари е наплатена и евидентирана во Дневна спецификација за извршена уплата на судска такса----------
Нотарската награда согласно член 41 и член 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од шеснаесетилјади денари и трошоци во износ од илјадаиосумстотини денари----------
ОДУ реден број 483/24 (Извод)----------
Охрид 04.09.2024 година (ден четврти, месец септември, двеилјади-дваесетичетврта година)----------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот
НОТАР
ВАСИЛ
КУЗМАНОСКИ

Нотар Васил Кузманоски

Јас НОТАР, **ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ**
Бул.Македонски Просветители бр.5 Охрид
(име, презиме и седиште-адреса)
потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е ___прв___извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени _____/_____ преписи од прилогот на нотарската исправа.
Број: ОДУ 483/24
Во Охрид 04.09.2024 година НОТАР,
(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ
ОХРИД

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото ден 18.02.2025 година ја донесе следната :

О Д Л У К А

За Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 04.09.2024 година на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД

1. СЕ УСВОЈУВА Записникот од седницата на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД одржано на ден 04.09.2024 година од нотар Васил Кузманоски од Охрид ОДУ.бр.483/24 од 04.09.2024 година.

2. Составен дел на оваа одлука е Записникот од седницата на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД одржано на ден 04.09.2024 година од нотар Васил Кузманоски од Охрид ОДУ.бр.483/24 од 04.09.2024 година.

3.Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ